# СТАТИИ - ПРИЛОЗИ

Коста АЏИЕВСКИ

## ВОСТАНИЕТО НА ДРАГОТА (1255 г.)

Во историјата на македонскиот народ, средновековниот период претставува време на перманентна и упорна борба за одбрана од освојувачките аспирации на тогашните соседни балкански политички субјекти. Мошне значаен сегмент во таа борба претставуваат, без сомнение, востанијата против туѓинската власт. Покрај епохалното востание на комитопулите, кога беше создадена единствената автохтона средновековна држава на македонска почва, позната како Самуилово царство, најпознати се, секако, востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех во XII век, кога беше направен обид да се отфрли византиската власт од македонските територии, кои некогаш претставуваа централни делови на пространото Самуилово царство.

Покрај споменатите востанија, свое место и значење во македонската средновековна историја има и востанието на Драгота, кренато кон средината на XIII век против никејската власт во Мелничката област. Ова востание, навистина, не може ниту по обем, ниту по времетраење да се спореди со погоре споменатите востанија. Поради тоа, веројатно, и не успеа да го најде своето вистинско место во македонската медиевистика. Меѓутоа, востанието на Драгота сепак е дел од македонската средновековна историја и заслужува да биде предмет на посебен научен интерес.

* * *

Градот Мелник и Мелничката област заземаат многу важно место во македонската историја во XIII век. Оваа силна тврдина во средниот тек на реката Струма[1] ја контролирала важната комуникација по Струма и влезот во Рупелската клисура на патот кон Сер. Мелник бил најзначаен и најголем град на просторите на Средна Струма и, како што е познато, главна престолнина на независното владеење на деспотот Алексиј Слав.

[1] За историјата на Мелник во средниот век, посебно сп. I. Dujčev, Melnik au Moyen Age, Byzantion, XXVIII, 1968, 28-41; Ibidem, Мелник през средновековието, Българско средновековие, София 1972, 374-412; T. Vlachos, Die Geschichte der byzantinischen Stadt Melenikon, Thessaloniki 1969; В. Нешева, Средновековният Мелник, Векове 4 (1981), 36-50; Мелник, том 1. Градът в подножието на Славова крепост (колективен труд: И. Дуйчев, В. Нешева, Б. Цветков и други), София 1989.

Слав успеал долго да се одржи на историската сцена благодарение на својата вешта политика кон соседите, но, исто така, и на цврстите бедеми и непристапноста на Мелничката тврдина, која во првите децении на XIII век била сметана за неосвоива.[2] По битката кај Клокотница (1230), Слав бил присилен да ја признае врховната власт на бугарскиот цар Иван II Асен (1218-1241). Набрзо потоа, по смртта на Слав, Мелник, заедно со останатите територии што ги владеел Слав, влегол во составот на Второто бугарско царство[3], а во 1246 г. во Мелник и Мелничката област била воспоставена власта на никејскиот владетел Јован III Ватац.[4]

До нови промени на воено-политичката карта на Балканскиот Полуостров дошло по ненадејната смрт на Ватац во ноември 1254 година. Смртта на најпознатиот владетел и вистинскиот втемелувач на Никејското царство ги охрабрила неговите соседи: Бугарското царство и Епирската држава, кои ги раскинале мировните договори, што ги имале склучено со Никејците за време на овој владетел и ги нападнале никејските владеења на Балканот.[5]

Бугарскиот цар Михаил II Асен (1246-1257), штом разбрал за смртта на никејскиот владетел, веднаш презел напад на никејските владеења. Ја поминал со војска Стара Планина и без поголеми тешкотии освоил поголем дел од никејските утврдувања во Родопската област.[6] Во исто време бугарската војска навлегла и во Македонија, освојувајќи ги нејзините североисточни територии до реката Вардар, со важната тврдина Велес.[7]

Никејците брзо реагирале. Новиот владетел Теодор II Ласкарис (1254-1258), зимата 1254/55 г., со голема војска се упатил против Бугарите. Брзата акција на никејската војска ги изненадила Бугарите. Никејците успеале, без поголеми тешкотии, да повратат голем број од неодамна освоените утврдувања во Родопската област. Од позначајните родопски тврдини отпор и натаму давала единствено .уште Цепена. Пролетта 1255 година на Никејците им стигнало засилување од Сер, меѓутоа, Цепена и натаму останала неосвоена.[8]

---

[2] Georgii Acropolitae opera, I, ed. A. Heisenberg, Lipsiae 1903, 39, 5-7.

[3] В. Н. Златарски, История на българската държава през средните векове, III, София 1972, 351; К. Аџиевски, Деспот Алексиј Слав - самостоен феудален владетел во Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, 3(29),1977, 91.

[4] Златарски, о.с., 432-434; Dujčev, Melnik, 38.

[5] Nicephori Grigoriae byzantina historia, I, ed. L. Schopenus, Bonnae 1829, 55, 23-56,4.

[6] Acrop., 107, 15-108, 20; Cf. Златарски, о.с., 447 сл.

[7] Златарски, о.с., 448 сл. и D. Nicol, The Despotate of Epiros, Oxford 1957, 158, сметаат дека Бугарите ги освоиле и македонските земји западно од Вардар, до албанските планини, што од изворите не може да се заклучи.

[8] Acrop., 109,6-114,19. Cf. Златарски, о.с., 451.

Иако бугарската офанзива во Родопската област имала краткотраен успех, најверојатно, под нејзино влијание, односно, под влијание на нејзините почетни успеси, пролетта 1255 г.[9] во Мелник било кренато востание против никејската власт. Слободољубивите традиции од времето на Алексиј Слав биле сè уште живи, па затоа востанието брзо се раширило, зафаќајќи ја поширокатa околина на некогашната престолнина на Слав, регионот на Средна Струма. На чело на востанието се наоѓал Драгота, крупен великодостојник од Мелник, кој ја вршел функцијата началник на војската во Мелник (προεξάρχων στρατεύματος). Како причина за кревањето на востанието, никејскиот историчар Георги Акрополит, главен извор за овие настани, ја наведува омразата на Драгота кон Ромеите, а особено кон никејскиот император.[10]

Имено, Драгота, како што известува Акрополит, пред десетина години бил командант на градот Сер, кога тој се наоѓал под бугарска власт. Меѓутоа, по смртта на царот Калиман (1246 г.), кога Никејците ги нападнале бугарските владеења во Македонија, не успеал да ја издржи никејската опсада и во почетокот на есента 1246 г. му го предал градот на императорот Јован Ватац. Малку време потоа, Драгота им помогнал на Никејците да го освојат и Мелник, од каде што и самиот потекнувал.[11] За ваквата своја политика тој добил богати подароци од никејскиот император и бил поставен за командант на Мелник и на околните предели.

Драгота, сепак, не бил задоволен од она што го добил од никејскиот император за предавањето на Сер и Мелник. Сметал дека треба да добие повеќе за сторените услуги. Поради тоа кренал востание против Никејците. Со војската и жителите на Мелник, како и населението од

---

[9] Обично се смета дека востанието било кренато летото 1255 г. (Cf. И. Дуйчев, Походът на имп. Теодор II Ласкарис против Мелник в 1255 г., Сборник на БАН XLI-1 (= Проучвания върху българското средновековие, XV ), София 1945, 111; Б. Цветков, Археологическите разкопки в Мелник и въстанието на Драгота през 1255 г., Исторически преглед, XXXXI/11(1985), 47). Поаѓајќи од маршутата на никејскиот император по задушувањето на востанието, сметаме дека неговиот почеток треба да се помести порано - пролетта 1255 г. Имено, по задушувањето на востанието, Теодор II Ласкарис направил една долга маршута во Македонија и Тракија при што ги обиколил: Сер, Солун, Воден, каде што се задржал малку подолго, Прилеп, каде што исто така се задржал за да се припреми за нападот на Велес, потоа го освоил Велес од Бугарите и преку Овче Поле, Струмица и областа на Мелник повторно се вратил во Сер. Оттаму продолжил кон Димотика и Адријанопол од каде што, кон крајот на есента истата година, превзел поход против тврдината Цепена (Acrop., 117, 21-119, 25). Ако прифатиме дека востанието било кренато летото, тогаш за сите овие активности на никејскиот император, очигледно, нема време.

[10] Acrop., 114, 22-26. Cf. Златарски, о.с., 452.

[11] Acrop., 74,23-77,22. Сп. Златарски, о.с., 432-434; Dujčev, Melnik, 38; Vlachos, o.c., 41; К. Аџиевски, Првите никејски освојувања во Македонија и ликвидирањето на Солунското царство, Историја, XIX/1 (1983), 174 сл.

околните предели, го нападнал никејскиот гарнизон во Мелник, кој се наоѓал во градската тврдина, и се обидел да го разруши утврдувањето.[12]

Во врска со причините за кревањето на востанието, а исто така и со неговиот тек, во бугарската историографија преовладува мислењето дека востанието било поврзано со Трновскиот двор и дека било испланирано од бугарската држава, со цел да се одвлече вниманието на никејските војски, што ја напаѓале Родопската област, и да се обезбеди тилот на бугарскиот владетел. Поаѓајќи од ваквото мислење, се смета дека Драгота дејствувал со знаење на бугарскиот цар, кој му испратил и воена помош, односно, дека во редовите на востаниците имало одреди бугарска војска.[13] Се смета, исто така, дека во областа на Мелник, најверојатно, продрел помал одред бугарска војска со кого Драгота стапил во контакт и го организирал востанието. Притоа, се прифаќа дека бугарската војска била дојдена во регионот за да го одврати вниманието на никејската војска и да го заштити тилот на бугарскиот цар.[14] Меѓутоа, за жал, фактичката состојба е сосема поинаква. Во познатите, современи и подоцнежни, извори нема ниту директни ниту индиректни податоци, кои, на кој и да е начин би упатувале на релевантноста на горните претпоставки.

Востанието, од Мелник се проширило и на околните предели, зафаќајќи ги, најверојатно, териториите по средниот тек на реката Струма, помеѓу планините Пирин, Огражден и Беласица, како природни граници. Всушност, од изворите со кои располагаме, со сигурност може да се констатира единствено дека на југ востаничката власт се протегала до Рупелскиот проод, кој се наоѓал под нивна контрола. Со сигурност може да се констатира, исто така, и дека на запад, Струмица и Струмичката област не биле опфатени од востанието на Драгота, како што произлегува од маршрутата на императорот Теодор II Ласкарис по задушувањето на востанието во Мелник. Се смета, исто така, дека на север востанието ја зафатило и областа на Сандански.[15]

Никејците, изгледа, биле навреме известени за плановите на Драгота и подготовките за кревање на востанието. Никејскиот гарнизон, под команда на Теодор Нестонг и Јован Ангел, успеал навреме да се снабди со вода и хранителни продукти и да се затвори во градската тврдина

[12] Acrop., 114, 26-115, 5.Cf. Dujčev, Melnik, 39; Idem, Очерк върху средновековната история на Мелник, Мелник, т. 1, 29.

[13] Златарски, о.с., 452; Дуйчев, Походът, 111; Idem, Очерк, 29; Цветков, о.с., 47, 50 сл. Cf. и Z. Pljakov, Die Stadt Sandanski und das Gebiet von Melnik und Sandanski im Mittelalter, Byzantinobulgarica, IV, Sofia 1973, 192 сл., кој, со право не верува, дека востанието било организирано од бугарската држава за да го одвлече вниманието на никејската војска и да го обезбеди тилот на бугарскиот цар.

[14] Pljakov, о.с., 193

[15] Ibid., 191.

(цитаделата). Востаниците ја опколиле тврдината, но и покрај сите напори, не успеале да ја освојат, бидејќи Никејците успешно ги одбивале сите нивни напади и покрај недостигот на вода, што започнал сè повеќе да се чуствува.[16]

Востанието на Драгота во Мелник ги вознемирило Никејците. Постоела реална опасност тоа да се прошири и на околните пошироки простори, а покрај тоа, била присутна и опасноста опсадениот никејски гарнизон во градот да биде целосно уништен. Поради тоа, никејскиот император Теодор Ласкарис бил принуден брзо да дејствува. Набргу, по добивањето на веста за избувнување на востанието, кон крајот на пролетта или во почетокот на летото истата година, со голема, добро опремена и вооружена војска, се упатил кон Мелник да ги спаси опсадените Никејци. На патот кон Мелник, со брз марш, за дванаесет дена пристигнал во Сер.[17]

Откако пренокил во Сер, Теодор Ласкарис се упатил со војската по долината на реката Струма на север, кон Мелник. Востаниците биле известени за доаѓањето на големата никејска војска, предводена лично од императорот, и започнале обемни припреми за одбрана од нападот на Никејците.

Патот од Сер кон Мелник врвел по левиот брег на реката Струма, која, пред да влезе во широката серска рамнина, протекува низ Рупелската Клисура. Патот низ Клисурата бил мошне тесен и тежок за поминување. Како што известува современиот никејски историчар Георги Акрополит, по него одвај можела да помине кола[18].

Ваквата конфигурација на земјиштето многу повеќе им одговарала на востаниците, кои имале малку коњаници, а најголемиот дел биле

---

[16] Acrop., 115, 5-15. Cf. J.B.Pappadopoulos, Théodore II Lascaris empereur de Nicée, Paris 1908, 74, кој наместо за Теодор, говори за Исак Нестонг.

[17] Acrop., 115,16-23. Cf. Златарски, о.с., 452; Pappadopoulos, o.c., 74, кој смета дека никејскиот император за 12 дена дошол од Адријанопол во Сер, а неговото мислење го прифаќа и A. Gardner, The Lascarids of Nicaea, London 1912, 214. Cf. и Цветков, о.с., 47, кој смета дека Теодор Ласкарис ја прекинал опсадата на Цепена за да се упати против востаниците, што не кореспондира со изестувањето на Акрополит. Од изворите неможе точно да се одреди почетната дестинација на никејскиот император. Меѓутоа, речиси сигурно е дека тоа не бил Адријанопол, кој се наоѓал релативно близу до Сер и патот меѓу овие два града, со брз марш, се поминувал за помалку од 12 дена. Имено, познато е дека за 12 дена со брз марш се минувало поголемо растојание, како на пример растојанието од Цариград до Солун (Cf. G. Villehardouin, La conquête de Constantinople, II, ed. E. Faral, Paris 1939, § 302; G. Prinzing, Der Brif Kaiser Heinrichs von Konstantinopel vom 13. Januar 1212. Ueberlieferungsgeschichte, Neuedition und Kommentar, Byzantion 43(1973), 412, 22-25; J. Longnon, L'Empire latin de Constantinople et la Principauté de Morée, Paris 1949, 135.). Според тоа, Теодор Ласкарис се упатил кон Сер, најверојатно, од некој малоазиски град, од престолнината Никеја или од Лампсак, каде што често престојувал.

[18] "ὡς μόγις ἅμαξαν διὰταύτης ἔρχεσθαι" ( Acrop., 115,28-116,1).

пешаци, па затоа решиле во Рупелската Клисура да ја пречекаат никејската војска и да го запрат нејзиното напредување кон Мелник. За таа цел подигнале врата (дема), односно, одбрамбен систем од утврдувања и препреки од греди и колови, со кои целосно ја затвориле теснината и успеале да го запрат натамошното напредување на Никејците[19].

Рупелската теснина, заради специфичната конфигурација на земјиштето, не можела да прими во исто време многу војска, која би можела непречено и ефикасно да дејствува. Поради тоа, утврдувањата, изгледа, биле бранети од ограничен број востаници, додека главнината на востаничка војска, со Драгота, се наоѓала малку подалеку, зад утврдувањата, во близина на влезот во Клисурата.[20] На ваква претпоставка, како што ќе видиме, упатува и пишувањето на Акрополит.

Императорот Теодор Ласкарис, не можејќи во директен судир да ја пробие одбраната на востаниците, се послужил со лукавство. Испратил еден поголем одред никејски пешаци преку шумовитата планина, најверојатно, преку планинските падини источно од Струма,[21] да ги заобиколи востаничките одбранбени позиции и ноќе ненадејно зад грб, од височините, да ги нападне бранителите на утврдувањата, а на преостанатата војска и наредил постојано да напаѓа на непријателот. Планот на никејскиот император завршил со целосен успех. Ненадејниот напад на Никејците ги збунил бранителите и предизвикал паника во нивните редови. Притеснети од две страни, востаниците не можеле долго да издржат. Востаничката одбрана била пробиена, утврдувањата разурнати, а тие претрпеле тежок пораз. Голем број востаници останале на бојното поле, а само еден мал дел успеал да се спаси со бегство и да стигне до главнината на востаничката војска, известувајќи за поразот и пробивањето на одбраната во Рупелската Клисура[22].

Ваквиот развој на настаните предизвикал вистинска паника во редовите на востаниците. Исплашени од брзото напредување на никејската војска, тие започнале панично да бегаат. Настанал голем метеж. Во темната ноќ настрадале многумина востаници, паѓајќи од коњите или

---

[19] Acrop., 116,3-9. Cf. Златарски, о.с., 452.

[20] Cf. Дуйчев, Походът, 111, кој смета дека востаниците во Рупелската Клисура се бореле под лично раководство на Драгота, што од изворите не може да се заклучи.

[21] Златарски, о.с., 452, смета дека Никејците, најверојатно, минале преку источните делови на пл. Беласица. Неговото мислење е прифатено и во најновата История на България, т. 3, София 1982, 268 (П. Петров) и од Дуйчев, Очерк, 29. Во тој случај би се очекувало никејските војници двапати да ја поминат реката Струма, бидејќи Беласица се наоѓа десно од реката, а патот врви по нејзиниот лев брег. Нелогичноста на ваквата претпоставка ја забележал и Цветков, о.с., 51. Cf. и П. Мутафчиев, История на българския народ (681-1323), София 1986, 299, кој прв попрецизно ги лоцирал планинските предели од каде што бил изведен никејскиот напад на востаниците.

22 Acrop., 116, 9-26. Cf. Златарски, о.с., 452-453.

изгазени од коњските копита. Во паничното бегство тешко настрадал и водачот на востанието Драгота, кој бил изгазен од коњски копита, и по три дена починал[23].

Тешкиот пораз во Рупелската Клисура и смртта на водачот на востанието, претставувале тежок удар за востаниците и го означиле, всушност, крајот на востанието. Уште истата ноќ, императорот Теодор Ласкарис пристигнал во Мелник, го освоил градот и ги ослободил опсадените никејски војници, кои го дочекале одушевено, со акламации, нарекувајќи го "брз орел".[24]

По задушувањето на востанието, Никејците сурово се пресметале со учесниците во востанието и со нивните фамилии. Како што известува Акрополит, по наредба на никејскиот император, од градот биле протерани жените и децата на оние што учествувале во востанието, а целиот имот им бил конфискуван.[25]

За востанието на Драгота во Мелник, за борбите што се воделе во градот за време на востанието и за освојувањето на градот и ликвидирањето на востанието од страна на Теодор II Ласкарис, говорат и археолошките наоди. Имено, со археолошките истражувања, извршени во 80-те години на повеќе места на средновековниот Мелник, односно, во внатрешниот и надворешниот град, се утврдени траги од опожарувања. Меѓу другото, утврдено е дека изгорел поголемиот дел од основното јадро на градот, а биле опожарени и голем број живеалишта, стопански објекти, занаетчиски работилници и складишта за жито на населението на Мелник.[26] Тоа, многу јасно говори за жестокоста на судирите и за суровата пресметка на Никејците со востанатиот град.

Според една легенда, што ја запишал Теодор Педиасим кон средината на XIV век, победата против востаниците им се припишува на светителите Теодор Тирон и Теодор Стратилат, што говори, очигледно, за големото значење што му го придавале на востанието Никејците, односно, Византијците. Имено, во походот против востанатите Мелничани, за време на престојот во Сер, никејскиот император ја посетил познатата серска црква посветена на св. Теодор Стратилат и Теодор

[23] Acrop., 116, 26-117,13. Cf. Златарски, ц.д.,453; Pappadopoulos, o.c., 74 sq., кој смета дека Драгота бил изгазен од Грците (Никејците), што не одговара на известувањето на Акрополит. Cf. и Цветков, o.c., 52, кој смета дека овие настани се случиле во Мелник, каде што се наоѓал логорот на Драгота. Од воен аспект ваквото мислење е неприфатливо. Кога се знаело дека непријателот ќе нападне во Рупелската Клисура, логично би било да се очекува и логорот на Драгота да се наоѓал поблиску до местото на битката.

[24] Acrop., 117, 13-17. Cf. Vlachos, o.c., 47; Pappadopoulos, o.c., 75, кој смета дека никејскиот император бил дочекан со акламации од жителите на Мелник, што од изворите не може да за заклучи.

[25] Acrop., 117, 18-21. Cf. Pappadopoulos, o.c., 75.

[26] Cf. Цветков, o.c., 49 сл.

Тирон и им се помолил на светците да му помогнат и да го заштитат во претстојната борба против востаниците. Светците, според истата легенда, ја послушале неговата молба и му помогнале да ги победи непријателите. По победата, императорот се вратил во Сер и повторно отишол да им се поклони на двајцата светители. Притоа, заедно со војската, свечено била прославена победата над непријателите, а на еден придружник на императорот му било наредено да напише канон за двајцата светители.[27]

Kosta ADŽIEVSKI

## THE UPRISING OF DRAGOTA
## (1255)
## Summary

In the spring 1255 in Melnik was risen uprising against Nicean rule, under the leadership ofDragota, the chief of the army in Melnik. The uprising rapidly spreaded and embraced the region of Upper Struma. The rebels did not achieve to capture the Castle of Melnik, where the nicean garison got' shelter. After the defeat in the Rupel straits in the battle with the army of the emperor Theodor II Laskaris, Nicean captured Melnik and destroyed the rebels.

[27] Cf. Дуйчев, Походот, 112-114; F. Dölger, Zwei byzantinischen Reiterheroen erobern die Festung Melnik, во Зборникот: Παρασπορα. 30 Aufsatze zur Geschichte, Kultur und Sprache des byzantinischen Reiches, Ettal 1961, 299-301; Vlachos, o.c.,47-49; Pljakov, o.c., 193.